## 117. КАЛО, КАЛИНО ДЕВОЈЧЕ

Крај: Тиквеш, Кавадарци
Пеел: Младен Тодоров
Роден: Кавадарци, 1915 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: неснимена
Забележена: Кавадарци, Тиквеш
меѓу 1932 и 1938 год.
Мелограф.: Кавадарци, 1932-38 г.




1. Кало, Калино девојче,
   виши, виши црни очи:

2. на високо, на широко,
   спрема дуќан аџамија;

3. дека Турци кафе пијат,
   а момите рахат локум.

4. а ергени рујно вино,
   а Рисјани ром ракија;

5. — Ајде Кало, ајде душо,
   ние двата да бегаме,

6. наше село е убаво,
   од две страни с'нце грее;

7. од две страни с'нце грее,
   од четири месечина;

8. два пати се грозје бере,
   три пати се жетва жние.

Забелешка: Секој стих се пее по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.